**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4350/**

# З А П И С Н И К

**Од 120-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 25.09.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Марјан Цветковски – Директор на МРТ, Харун Ибраими – Заменик на директорот на МРТ, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ, Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ, Розалина Нелова Димовска-Раководител на одделение за правни и нормативни работи, Емилија Николова Христовска – Раководител на Одделение за финансии и Слаѓана Миливојевиќ – Претседател на Синдикалната организација при МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради Корона кризата во државата, 120-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 15:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на предлог Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ и разгледување на Мислењето на Надзорен одбор на МРТ и Мислењето на Одделението за правни и нормативни работи.

2. Разно.

ТОЧКА 1: **Разгледување на предлог Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ и разгледување на Мислењето на Надзорен одбор на МРТ и Мислењето на Одделението за правни и нормативни работи.**

По однос на првата точка од Дневниот ред збор зеде Розалина Нелова Димовска – Раководител на одделението за правни и нормативни работи, таа го образложи Мислењето

кое врз основа на Заклучокот од Програмскиот совет на МРТ бр.02-4264/3 од 22.09.2020 година беше изработено од страна на Одделението за правни и нормативни работи. Имено во своето обраќање таа истакна дека Колективните договори се обврзувачки за потписниците на договорот согласно Закон и дека во Законот за работните односи во делот на колективните договори е предвидено дека договорите се носат во траење од 2 години со можност за продолжување со согласност на потписниците. Досегашното искуство е дека Колективните договори се склучуваат на 2 години, но напомена дека во пракса има и исклучоци и дека тоа не е спротивно на Законот. Во врска со утврдувањето на коефициентите на сложеност за Директорот и Заменикот на директорот на МРТ истакна дека досега тие не биле предмет на колективно договарање и дека тие се избрани лица од страна на Програмскиот совет и дека правата и обврските од работен однос произлегуваат од менаџерскиот договор кој го склучуваат Програмскиот совет како работодавач со Директорот и Заменикот. Истакна дека Колективниот договор се применува и е задолжителен за работниците.

Претседателката на Програмскиот совет постави прашање што да се преземе по однос на предвиденото времетраење на Колективнио договор, на што Розалина Нелова Димовска – Раководител на одделението за правни и нормативни работи истакна дека не би навлегувала во тоа што е преговарана и договорено помеѓу тимовите кои ги воделе преговорите и дека одредбата во Законот е таа, но дека нема предвидено реперкусии во Законот доколку поинаку се уреди.

На излагањето на Раководителката на одделението на правни и нормативни работи за збор се јави Горан Атанасов – Директор на Заеднички функции, кој ја праша Раководителката на одделението за правни и нормативни работи дали има законска пречка колективниот договор да биде со важност на 3, 4 или 5 години и дали има законска пречка коефициентите на сложеност за Директорот и Заменик на директорот да бидат вметнати во Колективниот договор?

Розалина Нелова Димовска одговори дека во поглед на важењето на Колективниот договор напоменала дека согласно Закон а и согласно праксата Колективните договори се склучуваат на 2 години со можност за продолжување, но и дека во Законот не сретнала прекршочна одредба во поглед на прекршувањето на членот со кој се регулира важноста на Колективните договори, по што повторно истакна дека не сака да навлегува во тоа што е договорено помеѓу двете договорни страни. По однос на второто прашање истакна дека не може да се произнесе конкретно поради тоа што до сега во Коелктивниот договор не постоеле коефициентите за сложеност на Директорот и Заменикот и дека правата и обврските од работен однос произлегуваат од менаџерскиот договор кој го склучуваат Програмскиот совет како работодавач со Директорот и Заменикот. На ова излагање се надоврза

Снежана Клинчарова истакна дека Програмскиот совет треба да си ја гледа својата обврска и надлежност. И истакна дека Програмскиот совет врз база на Мислењето на Надзорното одбор треба да ги донесе измените и дополнувањата и посочи дека толкувањето на Заклучокот не треба да ги интересира, со тоа излагање се согласи и Косана Николиќ Мазнева .

Ведат Мемедалија Заменик претседател на Програмскиот совет исто така беше на ставот дека треба да се изгласаат измените и дополнувањата на Колективниот договор.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ ги стави на гласање Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

■**Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беа ставени на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаше: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ се едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разно.**
По однос на оваа точка немаше дискусија.

Седницата заврши во 16:20 часот.

Записничар:
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател